Предмет: Ликовно образование					
Тема: **ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ Вкупно часови 4** Време за реализација:					
Изготвиле: Стручен актив на IV одделение				Од Битола	
Адаптирале:				Од ООУ:	
содржини (и поими)	**стандарди за оценување**	**часови**	**активности**	**средства**	**следење на напредокот**
1. Средства и материјали за дизајн и визуелни комуникации и нивна употреба (хартија, бои, ткаенина, еколошки материјали, компјутер, телефон, фотоапарат, дигитална камера и др.)	▪Идентификува и користи различни средства и материјали за дизајн и визуелни комуникации. ▪ Разликува различни средства и материјали за дизајн и визуелни комуникации. ▪ Комбинира различни средства и материјали за дизајн и визуелни комуникации за да создаде дизајн како продукт. .	1	▪Наставникот ги запознава учениците со средствата и материјалите за дизајн и визуелни комуникации и нивна употреба ▪Учениците дизајнират дел од облека од природен еколошки материјал. ▪ Учениците дизајнираат шара или мотив за текстилна површина, според мотив од уметник (на пример, Пит Мондријан, поп-арт или според народното творештво на различните етнички заедници во државата), со поврзување на бои, форми, линии, ритам, повторување, композиција.	Ткаенина, бои, еколошки материјали, компјутер	усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; практичната активност за време на часот (учество во активностите); изработените ликовни творби со дизајн и визуелни комуникации) учеството во изработката на заеднички творби;

resursi.literatura.mk

2. **Основи на ликовниот јазик: ликовни елементи и принципи во дизајнот и визуелните комуникации (дизајн, визуелни комуникации, илустрација, корица, реклама, стрип, спот, визуелен знак, фотографија и др.).**	▪Создава дизајн со користење на различни техники, ликовни елементи и принципи во дизајнирањето и визуелните комуникации, со примена на современа технологија. ▪ Прави разлика меѓу рачно изработен дизајн и дизајн изработен во електронска или дигитална форма. ▪ Разликува дизајн на илустрација, корица, реклама, стрип, спот, визуелен знак, фотографија. ▪Вреднува сопствен дизајн или дизајни од соучениците од аспект на примена на ликовните елементи и принципи кои ги усвоил/усвоила во дизајнирањето и визуелните комуникации.	3	▪Учениците дизајнираат маска за одбележување настани (пример: 1 Април, Нова година, карневали и сл.), употребувајќи материјали за колажирање и обликување. ▪ Учениците дизајнираат стрип, користејќи исечоци од стари весници или фотографии од омилени ликови. ▪ Учениците создаваат дизајн на корица (од книга, стрип, брошура, списание и сл.) според текст кој се обработува по предметот мајчин јазик. Како изразно средство употребуваат компјутер. ▪ Учениците прават спот и/или реклама на ниво на училиште, при што за дизајнирање користат компјутер и други дигитални уреди. ▪ Учениците дизајнираат фотоалбум на ниво на паралелка со употреба на сопствени фотографии направени со дигитален фотоапарат.		усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците; практичната активност за време на часот (учество во активностите); изработените ликовни творби со дизајн и визуелни комуникации) учеството во изработката на заеднички творби;

resursi.literatura.mk